ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2022 03 07/1

Скопје, февруари 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 15 |
| Финансиски извештаи за 2021 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 16 |
| Биланс на состојба | 17 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 19 |
| - Сметководствени политики | 20 - 21 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 29 |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија
МФ – Министерство за финансии
МФ-УИПР – Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи
СФП-Сектор за финансиски прашања
АКН - Агенцијата за катастар на недвижности

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:11-297/2

Дата: 13.02.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) за 2021 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии на сметката на основен буџет (637) за 2018 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е проверка на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2018 година и констатирано е дека една препорака е делумно спроведена и една е во тек на спроведување.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2021 година, заедно со ревизија на усогласеност, ги констатиравме следниве состојби:

- извршено е осигурување на дел од недвижниот имот и опрема со кои располага МФ;
- земјиштето како и дел од објектите за кое МФ има стекнато право на трајно користење, не се сметководствено евидентирани;

- 35 објекти за кои МФ има обезбедено имотни листови, сметководствено се евидентирани без вредност, поради необезбедена документација за утврдување на вредноста;
- пописот на средствата, побарувањата и обврските не е целосно извршен;
- во дел од постапките за јавни набавки, предметот на набавка не е утврден како делив заради обезбедување на целосна конкуренција.

За утврдените состојби дадени се препораки до одговорните лица во МФ со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се следниве состојби за:

- судски постапки кои се во тек, во кои МФ е тужена страна или тужител, а кои може да имаат влијание на идните финансиски текови на МФ;
- интензивирање на започнатите активности за спроведување на постапката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање или транспортирање на отпад, за дотраена опрема сместена во простории земени под закуп и
- прифатени корекции во текот на ревизијата, кои имаат влијание на финансиските извештаи.

Во делот на Останати прашања истакнуваме дека:

- постои потреба од усогласување на Законот за организација и работа на органите на државната управа со поодделните закони кои го регулираат основањето на државни органи и институции и
- во тек е постапка на донесување на Предлог Закон за вработените во јавниот сектор во кој е утврдена висината на платата на посебните советници во одделните институции.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2021 годината и преглед на промени на изворите на капитални средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерство за финансии за 2018 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Министерство за финансии застапувано од:

- д-р Фатмир Бесими, министер за финансии од 30.08.2020 година[1].

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

[1] Одлука за избор на Влада на РСМ број 08-2744/1 од 30.08.2020 година

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.07.2022 до 30.09.2022 година кај Министерство за финансии од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2018 година, број 10-421/6 од 27.04.2020 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека од дадените две препораки една препорака е делумно спроведена и една препорака е во тек на спроведување.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 11.11.2022 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-1151/2 од 23.12.2022 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно член 11 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, органите на државна управа се должни да обезбедат чување и заштита на недвижните ствари, нивно економично и соодветно користење и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користењето на стварите.
Со увид во сметководствената евиденција и документација, утврдивме дека во книгата на капитален имот евидентирани се повеќе објекти со кои располагаат МФ и УИПР како орган во состав на министерството, од кои дел се сместени во

деловни објекти кои се користат и од други органи. Во 2021 година МФ има преземено активности за осигурување само на дел од недвижниот имот[2] и опремата со кои располага. Во насока на преземање на активности за осигурување на целокупниот имот на МФ, во текот на ревизијата побарана е информација за осигурување на имотот од страна на институциите со кои министерството користи заеднички објекти, од каде е добиен повратен одговор дека дел од имотот со кој располага МФ е опфатен со постапките за осигурување спроведени од нивна страна. Целосната заштита на недвижните ствари ќе овозможи наплата на штета во случај на оштетување на истите.

Препорака:
Одговорното лице на МФ да продолжи со активностите за осигурување на целокупниот недвижен имот со кој располага.

4.2. **Финансиски извештаи**

4.2.1. Овластениот државен ревизор во Конечните извештаи за извршени ревизии на МФ од минати години, извести за состојбите во однос на недвижниот имот на МФ, за кои состојби дадени се препораки за нивно надминување.
Со извршениот увид во доставената документација и евиденцијата на градежните објекти со состојба на 31.12.2021 година од 1.198.960[3] илјади денари, ги констатиравме следниве состојби:

- **во евиденцијата не се воведени објекти и земјиште** , за кои МФ има стекнато право на трајно користење врз основа на донесени акти - Одлуки од Владата на РСМ и тоа за:
  - недвижна ствар-објект во Радовиш со вкупна површина од 2.786м$^2$, за кој донесена е Одлука[4] и запишано е правото на користење во АКН;
  - недвижни ствари во Струмица – земјиште со вкупна површина од 1.971м$^2$, за кое донесена е Одлука[5] и запишано е правото на користење во АКН.
    *Во текот на ревизијата, МФ со Допис[6] се обрати до општина Струмица за добивање информација за вредноста на земјиштето, со цел преземање понатамошни активности;*
- **35 објекти** (13 подрачни единици и 22 одморалишта/апартмани) за кои МФ има обезбедено имотни листови, **евидентирани** се во материјалната

[2] Деловен објект во Скопје во кој е сместено МФ, објектот во кој е сместена градинката на МФ, објектите за одмор во Дојран и Крушево и недвижен имот стекнат во стечајни/извршни постапки
[3] Сегашна вредност на градежни објекти и одморалишта на МФ, по спроведени корекции во текот на ревизијата
[4] Одлука за давање на трајно користење недвижна ствар на Министерството за финансии број 42-1229/1 од 10.02.2016 г. („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2016)
[5] Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии број 42-3464/3 од 07.05.2014 г. („Службен весник на Република Македонија“ број 73/2014)
[6] Барање број 11102/1 од 26.10.2022 г.

евиденција **без вредност**, поради необезбедени податоци/документи за утврдување на вредноста на истите.

МФ има преземено активности во претходни години и се има обратено до Бирото за судски вештачења со барање за проценка на вредноста на објектите, но по истото не е добиен повратен одговор. Во текот на ревизијата МФ со Барање[7] повторно се обрати до Бирото за судски вештачења за проценка на вредноста на објектите со кои располага, а за кои не е утврдена вредност.

Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 18 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и има влијание на реалноста на податоците искажани во финансиските извештаи.

Препорака:

Одговорното лице на МФ да продолжи со активностите за обезбедување на имотни листови и за утврдување на вредноста за недвижностите за кои има стекнато право на користење, како и нивно сметководствено евидентирање.

4.2.2. Со извршениот увид во доставената документација од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските за 2021 година, ревизијата ги утврди следните состојби:

- пописот на постојаните средства и усогласувањето на фактичката со сметководствената евиденција е извршено по локација/ простории на МФ, без да се изврши збирно усогласување на ниво на цело министерство, како и по аналитички конта, со што е отежнато потврдувањето на состојбата на евидентираните средства, како и вредносното утврдување на кусоци и вишоци во извештајот од централната пописна комисија;
- пописот на градежните објекти кои ги користи МФ е извршен врз основа на имотните листови приложени од СФП, без да се утврди фактичката состојба на објектите кои се во сопственост или ги користи МФ (детално образложено во точка 4.2.1. од извештајот);
- пописот во 34 подрачни одделенија и 4 одморалишта на МФ кои се физички дисперзирани низ државата е извршен од страна на пописни комисии формирани во подрачните одделенија, врз основа на доставена Инструкција за спроведување на пописот со состојба 31.12.2021 година. Пописните комисии по завршување на пописот имаат доставено пописни листи, а дел и извештаи за извршен попис до СФП.

  Состојбата од извршениот попис во подрачните одделенија не е дел од извештајот на централната пописна комисија, освен состојбата од извршениот попис на одморалиштата.

[7] Барање број 05-10782/1 од 14.10.2022 г.

Пописната комисија во подрачното одделение во Струга има доставено записник за извршениот попис на одморалиштата/апартманите во Струга, во кој констатирала дека извршен е попис само на два апартмани, додека во останатите апартмани не е извршен попис поради настанат технички проблем за влез во истите. Исто така, пописната комисија нема извршено попис и на одморалиштата во Асамати–Ресен и Градиште–Охрид од причина што МФ нема задолжено одговорни лица за објектите.

Во текот на ревизијата, извршивме увид во одморалиштата во Еуротел-Струга, Градиште - Охрид и Асамати - Ресен, при што констатиравме:

- во Еуротел-Струга од вкупно 12 (дванаесет) апартмани, МФ има имотен лист за 10 (десет). Кај 10 (десетте) апартмани постои оштетување на влезните врати (брави), поради што влезот во истите е возможен само со интервенција од страна на лицето задолжено за обезбедување на објектот, додека двата апартмани се обезбедени со приватно обезбедување, поради што беше оневозможен увид во истите;
- од вкупно 30 (триесет) апартмани во Асамати, 15 (петнаесет) се насилно отворени од непознат сторител, а при посета на истите немаше физичко обезбедување на комплексот и
- во Градиште–Охрид од 5 (пет) приколки, кај една приколка има оштетување на влезната врата.

- во евиденцијата на МФ евидентирани се книги, од кои дел се без утврдена сметководствена вредност и со извршениот попис на истите утврдено е дека недостасуваат 178 книги од областа на стручна литература, како и најдени се книги со други наслови кои не се евидентирани во материјалната евиденција.

  Пописната комисија во извештајот за извршениот попис има дадено предлог за министерот да определи лице кое ќе располага со книгите со цел надминување на констатираните состојби, но до денот на известување за извршената ревизија, не е постапено по дадениот предлог;
- не е извршен попис на материјалните средства во подготовка во износ од 84.874 илјади денари, не е потврдена состојбата на секое одделно, како и не се утврдени причините поради кои средствата се уште не се завршени.

  Во текот на ревизијата преземени се активности за потврдување на степенот на завршеност на материјалните средства во подготовка и нивно соодветно прикажување во деловните книги (образложено во точка 6.3. од извештајот);
- не е извршен попис на ситниот инвентар со кој располага МФ, како и на паричните средства на останатите сметки со кои располага МФ и тоа на сметките 787-17 Детска градинка, 696-14 - Средства за јавно наддавање и 789-57 - Средства за денационализација;
- во извештајот за извршен годишен попис на побарувања и обврски пописната комисија ја потврдила правната основа и старосната структура

на побарувањата во износ од 260.812 илјади денари, но нема дадено предлог до одговорното лице на МФ за постапување со побарувањата. Должникот од кој МФ има побарување во износ од 169.317 илјади денари или 65% од побарувањата е избришан од Централниот регистар на РСМ, поради што не постои реална можност за нивна наплата. Побарувањата од друг должник во износ од 91.105 илјади денари е пријавена во стечајната постапка за истиот која се уште не е завршена.

Состојбата со обврските на МФ во износ од 56.511 илјади денари, констатирана е во извештајот за извршен годишен попис, со прилог спецификација на добавувачи и дополнителна документација, од која ревизијата констатира дека 99% од обврските се кон еден добавувач, потекнуваат од 2018 година и за истите во тек е стечајна постапка.

Горенаведениот начин на вршење попис не е во целост согласно дел VIII-Попис на средствата, обврските и побарувањата од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата, побарувањата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот, што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансиските извештаи, како и на квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

Во текот на ревизијата, МФ донесе упатство за работа на комисиите за попис[8], во кое уредени се активностите за спроведување на пописот на начин кој ќе обезбеди целосен опфат на средствата со кои располага МФ.

Препорака:
Одговорното лице на МФ да преземе мерки и активности при спроведување на пописот:
- целосна имплементација на упатството за работа на комисиите за попис;
- централната пописна комисија да врши збирно усогласување на постојаните средства, побарувањата и обврските на ниво на цело министерството;
- да се врши попис на сите градежни објекти согласно фактичката состојба;
- извештајот на централната пописна комисија да содржи податоци и од извршениот попис во подрачните одделенија;
- да се утврди вредноста на книгите со кои располага МФ, како и да се усогласи фактичката со сметководствената состојба на истите;
- да се врши попис на материјалните средства во подготовка, со утврдување на степенот на завршеност на истите;

[8] Упатство за работа на комисиите за попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12 број 05-12119/1 од 18.11.2022 година

- да се врши попис на ситниот инвентар како и на средствата на сите сметки со кои располага МФ и
- пописната комисија во извештајот за попис на побарувањата и обврските да даде предлог до одговорното лице на МФ за понатамошно постапување со евидентираните побарувања согласно реалните можности за наплата како и да го наведе правниот основ и старосната структура на обврските.

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. Со извршениот увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, опфативме 66% од износот на склучени договори во 2021 година односно 47.822 илјади денари како и 36% од износот на склучени договори во минати години, а кои имаат реализација во 2021 година односно 28.988 илјади денари.

Со извршената ревизија на спроведените постапки и нивната реализација, ги утврдивме следните состојби:

- МФ има спроведено постапка за јавна набавка на услуга-надградба и одржување на апликацијата за МИС (Management Information System) на Секторот за централно финансирање и склучување на договори, по која во јануари 2020 година склучен е договор[9] во износ од 3.540 илјади денари, кој е реализиран заклучно со 2021 година. Со извршениот увид во документацијата за спроведената постапка за јавна набавка, ревизијата констатира дека:
  - предметот на набавка е дефиниран како неделив, иако ставките кои се предмет на јавна набавка-превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка и адаптивно одржување/надградба на системот, согласно Заедничкиот поимник за јавните набавки се предвидени како посебни шифри и за истите може да се спроведе јавна набавка во делови. Согласно даденото образложение во Решението за јавна набавка, истата не е делива од техничка и економска гледна точка, односно делењето на набавката би предизвикало потешкотии во спроведувањето на постапката од технички аспект, а исто така би предизвикало значително поголеми трошоци за МФ;
  - како критериум за избор на најповолна понуда е утврдена најниската понудена цена, а во техничката спецификација, во рамки на адаптивното одржување покрај измени и доработки на постоечките функционалности, предвидена е и изработка на нови функционалности-модули, прегледи, извештаи, кои во моментот на склучување на договорот за одржување не постоеле во системот и за кои носителот на набавката е должен да му го достави на МФ изворниот код на софтверската апликација.

[9] Број 03-1235/1 од 23.01.2020 г.

Наведеното упатува дека покрај услугите за одржување, предметот на набавка опфаќа и услуги за изработка/надградба на софтвер, за кои во член 99 став 5 од Законот за јавните набавки е наведено дека договорниот орган нема да ја користи цената како единствен критериум за избор на најповолна понуда. Спојувањето на набавка за одржување и за надградба на софтверот во една постапка за јавна набавка, создава ризик од намалување на конкуренцијата, која треба да се обезбеди согласно член 3 од Законот за јавните набавки;

- средствата за набавката се обезбедени и исплатени од расходната ставка за тековно одржување, иако истата според природата на расходите претставува вложувања во нематеријални средства за кое треба да се зголеми вредноста на софтверот.

Истакнуваме дека во текот на 2022 година, МФ има спроведено постапка за јавни набавки за надградба на софтвери, одделно од постапката за набавка на услуги за одржување.

Наведените состојби создаваат ризик од намалување на транспарентноста и конкуренција при спроведувањето на набавките која треба да се обезбеди согласно член 3 од Законот за јавните набавки.

- МФ во 2021 година има спроведено постапка за набавка на стоки – поддршка и претплата на лиценци и одржување на систем за управување безбедносни информации и настани и склучено договор[10] во износ од 1.516 илјади денари.

  Со извршениот увид на документацијата од спроведената постапка ревизијата констатира дека во техничката спецификација предвидено е набавка на поддршка и претплата на лиценци и одржување на систем за управување со безбедносни информации, иако ставките кои се предмет на јавна набавка согласно Уредбата за заедничкиот поимник за јавни набавки[11] се предвидени како посебни шифри и за истите може да се спроведе јавна набавка во делови. Спојувањето на набавка на поддршка и претплата на лиценци и одржување на систем за управување безбедносни информации во една постапка за јавна набавка создава ризик од намалување на конкуренцијата, која треба да се обезбеди согласно член 3 од Законот за јавните набавки.

**Препорака:**

Одговорното лице на МФ да преземе мерки и активности при спроведувањето на јавните набавки предметот на набавка да се оформува согласно законската регулатива и на начин кој ќе обезбеди поголема конкуренција.

[10] Број 03-5052/1 од 25.05.2021 г.
[11] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 4.2. е основ за изразување мислење и се однесуваат на:

- сметководствената евиденција недвижниот имот и обезбедување на документи за сопственост или право на користење и
- начинот на спроведувањето на пописот на средствата, побарувањата и обврските.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за финансии на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание на постоење на неизвесност во однос на исходот од судски постапки кои се во тек, во кои МФ е тужител или тужена страна, чиј исход може да има влијание на финансиските извештаи на МФ во идниот период и тоа:

- МФ е тужител во 23 судски спорови во вкупен износ од 44.087.065 илјади денари и
- тужена страна во 53 судски спорови во вкупен износ од 396.947.442 илјади денари, од кои во дел е тужена страна заедно со други институции.

Истакнуваме дека МФ се јавува и како тужена страна во случаите каде е тужена РСМ, за кои постои неизвесност од кои сметки на МФ ќе се вршат исплати, во случај на донесување правосилни пресуди за исплата на средства.

6.2. Во конечниот извештај за ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на МФ за 2018 година, овластениот државен ревизор

извести дека МФ во 2015 година има склучено договор[12] со правно лице за закуп на деловен простор, за кој МФ е обврзано да плаќа месечен надомест од 136 илјади денари или 1.632 илјади денари годишно. Во наведените простории сместена е опрема сопственост на МФ, која е дотраена, неупотреблива или технолошка застарена. Истакнуваме дека ваквата состојбата останува непроменета и во 2021 година.

Имено, по барање на МФ, Бирото за судски вештачења извршило процена и изготвило Извештај [13], согласно кој вкупната проценета вредност на движни средства во МФ изнесува 0 денари и истите не се во функција, целосно се дотраени и не се употребливи.

Во член 42 став 3 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[14] предвидено е дека ......*"За движните ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не ги користат државните органи ........ не можат да се продадат или разменат, државните органи ...... врз основа на одлука за согласност од Владата на РСМ, се должни да спроведат постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад."*

Имајќи ја во предвид висината на месечниот надомест кој МФ го плаќа на правното лице, како и проценетата вредност на движните ствари кои се чуваат во овие простории, ревизијата смета дека е потребно интензивирање на започнатите активностите во насока на спроведување на постапката за избор на правно лице, со цел економично користење на средства од Буџетот на РСМ.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на МФ прифатени и спроведени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба, односно намалување во вкупен износ од 188.280 илјади денари. Спроведените корекции се однесуваат на:

- сметководствено прекнижување од сметките Материјални средства во подготовка и Пасивни временски разграничувања на сметките Материјални средства и Извори на капитални средства, во вкупен износ од 84.874 илјади денари кои не предизвикаа промени на износот на активата и пасивата во Билансот на состојба, спроведено со налог за книжење број 00-1/3 од 04.01.2022 година;
- сметководствено прекнижување од сметката Нематеријални средства на сметката Материјални средства, во износ од 575 илјади денари, кои не

[12] Договор за закуп на деловен простор број 03-3828/1 од 03.04.2015 г. и Анекс број 1 на Договорот, број 05-3410/1 од 22.04.2020 г.
[13] Број 05-7037/1 од 16.06.2022 г.
[14] „Службен весник на Република Македонија" број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 275/19 и 122/21

предизвикаа промени на износот на активата и пасивата во Билансот на состојба, спроведено со налог за книжење број 00-1/6 од 04.01.2022 година и

- сметководствено прекнижување од сметките Материјални средства и Извори на капитални средства на одделните сметки во вонбилансната евиденција во вкупен износ од 188.280 илјади денари, кој се однесува на сметководствено евидентирани објекти во МФ, кои со Одлуки од Владата на РСМ се дадени на времено или трајно користење на други државни органи. Сметководствените корекции се спроведени со налог за книжење број 00-1/5 од 04.01.2022 година.

Во текот на ревизијата, МФ со Дописи[15]се обрати до надлежните институции за добивање информации за евиденцијата и корисничкото право на објектите, со цел преземање понатамошни активности.

Корекциите детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

7.1. Во конечните извештаи за извршени ревизии на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на МФ во минати години, овластениот државен ревизор истакна дека не постои усогласеност на органите во состав на МФ утврдени во член 19 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, со фактичката состојба, за што препорача да се иницира измена на наведениот закон, односно негово усогласување со поодделните закони кои го регулираат основањето на државни органи и институции.
Истакнуваме дека состојбата останува непроменета и во текот на 2021 година.

7.2. Со Законот за вработените во јавниот сектор е уреден начинот и бројот на пополнување на посебни работни места во кабинетот на министрите, заради извршување на работни задачи на посебни советници, како и времетраењето на договорот за вршење на функција посебен советник.
Со извршената анализа на одредбите од наведениот закон, утврдивме отсуство на одредби за регулирање на висината на платата на посебните советници во одделните институции, вклучувајќи го и МФ.

Истакнуваме дека во Предлог Законот за вработените во јавниот сектор, кој е во постапка на донесување, предвидена е одредба во која е утврдено вреднувањето на платата на вработените во кабинетите на министрите, меѓу кои и на советниците на министрите, со чие донесување ќе се надмине утврдената состојба.

[15] Барање број 05-10783/1 од 14.10.2022 г.; Барање број 05-11543/1, Барање број 05-11544/1 и Барање број 05-11546/1 од 08.11.2022 г.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло - жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 536.708 | 508.217 |
| **Вкупно приходи** | | **536.708** | **508.217** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 294.008 | 275.385 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 111.224 | 104.252 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 115.612 | 115.632 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **520.844** | **495.269** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.4. | 15.864 | 12.948 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **15.864** | **12.948** |
| **Вкупно расходи** | | **536.708** | **508.217** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 79 | | 79 |
| Побарувања | 4.1.2. | 260.812 | | 260.812 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 5 | | 6 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 476.419 | | 450.171 |
| Залихи | 4.1.5. | 678 | | 912 |
| **Вкупно тековни средства** | | **737.993** | | **711.980** |
| **Постојани средства** | | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 11.490 | | 12.747 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.320.226 | | 1.255.200 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 0 | | 84.874 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.331.716** | | **1.352.821** |
| **Други средства** | 4.2.4. | **7.078** | | **6.575** |
| **Вкупна актива** | | **2.076.787** | | **2.071.376** |
| **Вонбилансна актива** | 4.5.3. | **195.150** | | **8.729** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 58.113 | | 58.153 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 330 | | 322 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 22.950 | | 21.904 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 260.896 | | 345.771 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **342.289** | | **426.150** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **395.026** | | **369.792** |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 1.332.394 | | 1.268.859 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.332.394** | | **1.268.859** |
| **Извори на други средства** | 4.5.2. | **7.078** | | **6.575** |
| **Вкупна пасива** | | **2.076.787** | | **2.071.376** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.5.3. | **195.150** | | **8.729** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Извори на средства за други намени | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Состојба 01.01.2021 година | 1.267.947 | 6.575 | 912 | 1.275.434 |
| | | | | |
| Зголемување по основ на: | 352.720 | 1.491 | 835 | 355.046 |
| Набавки | 18.487 | - | 835 | 19.322 |
| Стекнување без надомест (субвенција) | 171 | - | - | 171 |
| Ревалоризација на капитални средства | 249.188 | 1.491 | - | 250.679 |
| Спроведени корекции во тек на ревизија | 84.874 | - | - | 84.874 |
| | | | | |
| Намалување по основ на: | 288.951 | 988 | 1.069 | 291.008 |
| Ревалоризација на амортизација | 71.514 | 607 | - | 72.121 |
| Амортизација | 29.157 | 381 | - | 29.538 |
| Спроведени корекции во тек на ревизија | 188.280 | | - | 188.280 |
| Останати намалувања-издадени материјали | - | - | 1.069 | 1.069 |
| | | | | |
| Состојба 31.12.2021 година | 1.331.716 | 7.078 | 678 | 1.339.472 |

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

- Сектор за финансиски прашања –
-Sektori i Çështjeve Financiare-

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 08.02.2023
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera:
11-297/1

Архивски број: 05- 2171/1
Датум: 01-02-2023

Numër arkivi: 05-
Data:

До: Државен завод за ревизија

Drejtuar: Entit Shtetëror të Revizionit

Предмет: Известување
Врска:Нацрт извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерството за финансии

Lënda: Njoftim
Lidhur me: Draft raportet e Revizorit shtetëror të autorizuar për revizionin e raporteve financiare dhe revizionin e harmonizimit për vitin 2021 të Ministrisë së Financave

Почитувани,

Со Допис-Доставување на Нацрт извештај со ваш архивски број 11-1151/7 од 23.12.2022 година до Министерството за финансии беше доставен примерок од Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерството за финансии за следните сметки:

- Сметка на основен буџет (637)
- Сметка на основен буџет (631)
- Сметка на буџет на самофинансирачки активности (787)
- Депозитна сметка (696)
- Наменска сметка (789).

Во прилог на истиот беше доставено и Писмо до раководството во кое се дава осврт за спроведената

Të nderuar,

Me Shkresën - Dorëzimi i Draft raportit me numër arkivi 11-1151/7 të datës 23.12.2022 në Ministrinë e Financave është dorëzuar kopje e Draft raporteve të Revizorit shtetëror të autorizuar për revizionin e raporteve financiare dhe revizionin e harmonizimit për vitin 2021 të Ministrisë së Financave për llogaritë e mëposhtme:

- Llogaria e buxhetit bazë (637)
- Llogaria e buxhetit bazë (631)
- Llogaria e buxhetit të aktiviteteve vetëfinancuese (787)
- Llogaria e depozitës (696)
- Llogaria e dedikuar (789).

Gjithashtu, në shtojcë u dorëzua edhe Letra drejtuar udhëheqësisë, ku ofrohet pasqyrë për revizionin e kryer në periudhën prej datës 01.07.2022 deri më


Министерство за финансии на/ Ministria e Financave e
Република Северна Македонија/ Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Rr. "Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255 788
www.finance.gov.mk

ревизија во периодот од 01.07.2022 до 30.09.2022 година.

Министерството за финансии детално ги разгледа и утврди посочените состојби, наоди и констатации на Државниот завод за ревизија како и препораките по истите:

- во дел 4.1. Усогласеност со закони и прописи од Нацрт извештајот за сметката основен буџет (637) препораката е МФ да продолжи со активностите за осигурување на целокупниот имот со кој располага

- во дел 4.2. Финансиски извештаи од Нацрт извештајот за сметката основен буџет (637) препораката е МФ да продолжи со активностите за обезбедување на имотни листови и утврдување на вредноста за недвижностите за кои има стекнато право на користење, како и нивно сметководствено евидентирање. Препораката е да се преземат низа мерки и активности при спроведувањето на пописот

- во дел 4.3. Користење на средствата согласно законските прописи од Нацрт извештајот за сметката основен буџет (637) препораката е МФ да преземе мерки и активности при спроведување на јавните набавки предметот на јавната набавка да се оформува согласно законската регулатива и на начин кој ќе обезбеди поголема конкуренција.

Воедно соодветни препораки по области се наведени и во Писмото до раководството под точка 1. Внатрешни

datë 30.09.2022.

Ministria e Financave hollësisht i përcaktoi dhe shqyrtoi gjendjet dhe konstatimet e determinuara të Entit Shtetëror të Revizionit, si dhe rekomandimet e bazuara në to:

- në pjesën 4.1. Harmonizimi me ligjet dhe rregulloret nga Draft raporti për llogarinë e buxhetit bazë (637), rekomandohet që MF-ja të vazhdojë me aktivitetet për sigurimin e pronës së përgjithshme të cilën e disponon.

- në pjesën 4.2. Raporte financiare nga Draft raporti për llogarinë e buxhetit bazë (637), rekomandohet që MF-ja të vazhdojë me aktivitetet për sigurimin e fletëpronësive dhe përcaktimin e vlerës së patundshmërive për të cilat ka fituar të drejtën e shfrytëzimit, si dhe për evidentimin e tyre në kontabilitet. Rekomandohet të ndërmerren një sërë masash dhe aktivitetesh gjatë zbatimit të regjistrimit.

- në pjesën 4.3. Shfrytëzimi i mjeteve sipas rregullave ligjore nga Draft raporti për llogarinë e buxhetit bazë (637), rekomandohet që MF-ja të ndërmarrë një sërë masash dhe aktivitetesh gjatë zbatimit të prokurimeve publike, lënda e prokurimit publik të formohet sipas rregullativës ligjore dhe në atë mënyrë që do të sigurohet konkurrencë më e madhe.

Njëherazi, rekomandime përkatëse sipas sferave janë dhënë edhe në Letrën

контроли, точка 2. Усогласеност со закони и прописи, точка 3.Финансиски извештаи и точка 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет.

Имајќи ги во предвид посочените состојби, наоди и констатации, Министерството за финансии ќе постапи согласно добиените препораки од Државниот завод за ревизија, во насока на нивно надминување.

drejtuar udhëheqësisë, në pikën 1. Kontrolle të brendshme; pikën 2 Harmonizimi me ligjet dhe rregulloret; pikën 3. Raporte financiare dhe pikën 4. Theksimi i çështjeve të pasigurisë dhe kontinuitetit.

Duke u bazuar në gjendjet dhe konstatimet e determinuara, Ministria e Financave do të veprojë sipas rekomandimeve të marra nga Enti Shtetëror i Revizionit, në drejtim të tejkalimit të tyre.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Dr. Fatmir Besimi

Изработил/Përgatiti: Елена Заркова
Согласен/Pajtohet: Розика Бојаџиева
Одобрил/Miratoi: Д-р Јелена Таст


Министерство за финансии на/ Ministria e Financave e
Република Северна Македонија/ Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Rr. "Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255 788
www.finance.gov.mk